# ЛУБАРДА

ЛУБАРДА

ЛУБАРДА

ЛУБАРДА

ЛУБАРДА

*ИЗЛОЖБЕН САЛОН НА ДОМОТ НА ЈНА — СКОПЈЕ*

*МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ — СКОПЈЕ*

# *Петар Лубарда*

## *(1907 — 1974)*

*(Комеморативна изложба на слики и цртежи)*

*Изложбен салон на Домот на ЈНА - Скопје 7—26. V. 1974 г.*

*ПЕТАР ЛУБАРДА, сликар, роден на 27 јули 1907 година во Љубостиња (Црна Гора). 1925 година се запиша на Уметничката школа во Белград, која ја напушта 1926 година и оди во ариз, каде со неколку прекини останува до 1940 година. Времето на окупацијата го поминува во германско заробеништво. После ослободувањето, во 1947 година оди на Цетиње, каде, меѓу останатото е основач и на Уметничката школа. Од 1950 живее и работи во Белград. Умре на 13 февруари 1974 година.*

*Студиски патувања: Франција, Шпанија, Италија, Германија, СССР, Бразил, Англија, Белгија, Индија, Сирија и Либан.*

*Беше редовен член на Српската акадгмија на науките и уметностите во Белград и вонреден член на Југословенската академија на науките и уметностите во Загреб. Добитник е на Орденот на братството и единство.*

*Покрај многубројните учества на групни изложби во земјата и странство, приреди и повеќе*

*Самостојни изложби*

*1929, 1962 — Рим*
*1933, 1934, 1951, 1961, 1962, 1964, 1967 — Белград*
*1952, 1954 — Париз*
*1955 — Лондон*
*1958 — Титоград*
*1959/60 — Љубљана*
*1963 — Њу Делхи, Бомбај. Ниш, Скопје*

*Награди*

*1937 — Париз, Гран при на Своаската изложба*
*1939 — Хаг, I награда на Интернационалната изложба на сликарство*
*1948 — I Сојузна награда на ФНРЈ*
*— Цетиње, I Републичка награда на НР Црна Гора*

1949 — Цетиње, I Републичка награда на НР Црна Гора

1953 — Интернационална откупна награда на II биенале во Сао Паоло

1955 — Награда на III биенале во Токио

— Октомвриска награда на градот Белград

1956 — Национална награда Гугенхајм

1964 — Седмојулска награда на СР Србија

1966 — Награда на АВНОЈ

Градот Скопје, а посебно Музејот на современата уметност со пиетет и чувство на длабока благодарност си спомнуваат за Петар Лубарда. Во знак на сеќавање на големиот уметник, чиј творечки живот згасна во февруарските денови на 1974 година, Галеријата на Домот на ЈНА и Музејот на современата уметност во Скопје ја организираат оваа комеморативна изложба, пренесена во нешто поскратен обим после нејзиното прикажување во МСУ во март оваа година.

Лубарда беше најштедриот дарител на Музејот и еден од првите уметници кој се огласи на апелот за помош на разурнатото Скопје во трагичните денови на 1963 година. Подарувајќи му ја целата своја изложба (26 слики), која во есента на 1963. беше организирана во Павиљонот на тврдината во Ниш, а потоа пренесена и во Скопје, Лубарда ги постави темелите на југословенската колекција на современото сликарство во Музејот.

Во текот на своето десетгодишно постоење Музејот успеа овој фонд на слики од Лубарда да го надополни и зголеми по пат на откупи и да оформи една од најзначајните збирки на творби од Лубарда во нашата земја. Околу 52 дела (слики, скици, студии и цртежи), сега сопственост на Музејот, претставуваат панорамичен, но истовремено и антологиски преглед на повоеното сликарство на Лубарда. Тие го опфаќаат периодот од 1942—1966 година.

*Најстарите експонати му припаѓаат на периодот на НОВ, застапен со неколку скици, студии и цртежи од 1942—43, кога Лубарда, наоѓајќи се во заробеништво во Германија, создаде серија скици и забелешки од логорскиот живот. Творбите на оваа тема кои се наоѓаат во Музејот, работени се повеќе како интимни забелешки на авторот, „реалистички“ обоени и „читливи“, за еден тежок период на војни и страданија.*

*Повоениот период од творештвото на Лубарда во колекцијата на Музејот е застапен со десетина дела, кои веќе се зброени во неговите врвни остварувања: „Мотив од Скадарско езеро“ (1948); „Полип“ (1950); „Медитеран II“ (1952) „Косовска битка“ (1953); „Стени“ (1954); „Корида“ (1955); „Огин“ (1958) и др. Создадени се главно во VI деценија, во која Лубарда ја достигна својата творечка зрелост, направи пресвртница во своето и во целокупното југословенско сликарство. Овие творби на Лубарда претставуваат претходница на лирската апстракција и фантастика кај нас; но, во исто време и херојски обид за обнова на фигурацијата со нови, современи форми. Тие ќе ги отворат патиштата за развитокот на повеќе стилски насоки во наредните две децении на југословенското сликарство и на нив ќе се учат повоените генерации сликари во нашата земја. Лубарда ги постави основите на апстркатниот пејзажизам и асоцијативниот експресионизам. Конкретниот мотив, кој ја губи материјалната тежина, го заменува асоцијацијата за него. Динамично распоредената арабеска во композицијата ја поистоветува со природната арабеска на контрасниот и извонредно разигран рељеф на неговата Црна Гора. Посната фактура на сликите како да ја презела патината од сидното сликарство. Колоритот е подигнат до степен на симболична вредност. Со подеднаков интензитет засвонува снагата на светлите тонови: сиви и скоро бели, од блесокот на сонцето и синилото на небото, како и звонките акценти на зеленото, жолтото, црвеното и црното. Извонредна е моќта на Лубарда со современ сликарски јазик, длабоко индивидуален, да искаже епски содржини инспирирани од борбата на нашите народи во вековните војни и Револуцијата.*

*Поголем број експонати во колекцијата на Музејот му припаѓаат на периодот од 1963—64, настанати после неколкумесечниот престој на авторот во Индија. Импресиите од оваа далечина и егзотична земја, Лубарда ги пренесе на своите платна со снагата на својата творечка инветивност. Од поранешната апстрактно-асоцијативна структура на платната повторно се појавува конкретниот предмет: огнени мрежи, корали, бикови, змејови, сонца, фантастични предели, во кои постојано се преплетува асоцијацијата со апстракцијата. Поранешната посна фактура сега добива нови димензии. Доаѓа до измена на сликарските средства. Со употребата на лакови бојата станува сурова, индустриски, Со осовремувањето на сликарските средства Лубарда како да сака да го воведе својот архаичен свет на змејови, демони и фантастични предели во поднебјето на современата цивилизација. Изведени и овој пат со специфичниот бизарен сликарски ракопис, својствен само на Лубарда, претставуваат логично надоврзување на неговото поранешно творештво.*

*Љ. ДАМЈАНОВСКА*

# каталог

| | | |
|---|---|---|
| 1. Мотив од Скадарско Езеро | масло на платно 78 x 98, | 1948 |
| 2. Полип | масло на платно 81 x 100 | 1950 |
| 3. Медитеран II | масло на платно 112 x 146, | 1952 |
| 4. Стени | масло на лесонит 105 x 78, | 1954 |
| 5. Косовска битка | масло на платно 142 x 190 | 1953 |
| 6. Корида III | масло на платно 130 x 192 | 1955 |
| 7. Огин | масло на платно 120 x 147,5 | 1958 |
| 8. Во просторот | масло на платно 100 x 161, | 1960 |
| 9. Утро | масло на платно 15,5 x 34 | 1960 |
| 10. Студија за пат во космосот | масло на платно 21 x 58 | 1960 |
| 11. Пејзаж | масло на платно 100 x 81 | 1960 |
| 12. Вилино коњче | масло на платно 19 x 34 | 1962 |
| 13. Огнен змеј | масло на платно 82 x 124 | 1962/63 |
| 14. Во длабочините | масло на платно 42 x 105 | 1963 |
| 15. Стена | масло на платно 81 x 56 | 1963 |
| 16. Игра на светлоста | масло на платно 81 x 58 | 1963 |
| 17. Црвени искри | масло на платно 40 x 57 | 1963 |
| 18. Во пештерата | масло на платно 56 x 46 | 1963 |
| 19. Огнена мрежа | масло на платно 32 x 78 | 1963 |
| 20. Каменен цвет | масло на платно 55 x 46 | 1963 |
| 21. Венецијански мотив | масло на платно 46 x 55 | 1963 |
| 22. Мотив од Индија I | масло на лесонит 55 x 46 | 1963 |
| 23. Мотив од Индија II | масло на лесонит 46 x 56 | 1963 |
| 24. Мотив од Индија III | масло на лесонит 81 x 59 | 1963 |
| 25. Сонце I | масло на лесонит 46 x 55 | 1966 |
| 26. Сонце II | масло на платно 130 x 162 | 1963 |
| 27. Корали | масло на лесонит 61 x 101 | 1963 |
| 28. Разурнат град | масло на лесонит 62,5 x 142,5 | 1963 |
| 29. Стара тврдина | масло на лесонит 81 x 100 | 1963 |
| 30. Есенски пејзаж | масло на платно 97 x 115 | 1963 |
| 31. Жар — птица | масло на лесонит 101 x 61 | 1963 |
| 32. Индиска ноќ | масло на платно 65,5 x 128 | 1963 |
| 33. Каменен бик | масло на лесонит 46 x 55 | 1963 |
| 34. Зелен змеј | масло на платно 100 x 200 | 1965 |
| 35. Огнен змеј | масло на платно 85 x 117 | 1966 |
| 36—52. Студии, скици, цртежи | | од 1942—1964 |